Република Северна Македонија
НОТАР
Зорица Пулејкова
за подрачјето на Основните судови
на Градот Скопје
„Кузман Јосифовски-Питу" 15

ОДУ број 348/20

НОТАРСКИ АКТ – ИЗВОД (ПРВ)

30 јуни 2020 година ---------------------------------------------------------------------
(триесетти ден, месец јуни, две илјади и дваесетта година) ------------------
Во Скопје, во 12 (дванаесет) часот и 0 (нула) минути.---------------------------

Јас, нотар Зорица Пулејкова, со службено седиште на бул. „Кузман Јосифовски-Питу" број 15 во Скопје, денес, на 30 јуни 2020 година (триесетти ден, месец јуни, две илјади и дваесетта година), на покана од ОХРИДСКА БАНКА АД Скопје, со седиште на ул. „Орце Николов" број 54 во Скопје, присуствував на седница на Собранието на акционерите на Банката која се одржа на денешен ден во просториите на Банката на ул. „Орце Николов" број 54 во Скопје, со почеток во 12 (дванаесет) часот и 0 (нула) минути, при што, во согласност со одредбите од Законот за нотаријатот и со член 407 во врска со член 383, став 3 од Законот за трговските друштва, го составив следниот ----------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------

ЗАПИСНИК ОД 45.СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА АКЦИОНЕРИТЕ
на ОХРИДСКА БАНКА АД Скопје

------------------------------------------------------------------------------------------------
Од страна на ОХРИДСКА БАНКА АД Скопје, на мое барање, ми беше предочена следната документација: ----------------------------------------------------

1. Тековната состојба на Банката од Единствениот трговски регистар издадена од Централниот регистар на Република Македонија, од која утврдив дека ОХРИДСКА БАНКА АД Скопје, со седиште на ул. „Орце Николов" број 54 во Скопје, е запишана во Единствениот трговски регистар што го води Централниот регистар на Република Македонија со ЕМБС 5004756; ---------------------------------------------------------------------
2. Акционерската книга на Банката со состојба на ден 29 јуни 2020 година во 12 часот, 30 минути и 31 секунда, во која се евидентирани акционерите на Друштвото, со вкупен број обични акции 635 350 и вкупен број гласови 625 350, од кои 629 587 со право на глас на ден 30 јуни 2020 година; ---------------------------------------------------------
3. Јавниот повик за учество на 45. седница на Собранието на акционерите на Охридска банка АД Скопје; ------------------------------------

4. Списокот на пријавените и на присутните акционери, лично или преку полномошник, на седницата на Собранието, со број на акции, односно гласови. Од наведениот список, по неговата верификација, се утврди дека на седницата на Собранието се присутни вкупно 6 (шест) акционери на Банката кои се сопственици на обични акции со право на глас на 30 јуни 2020 година и нивни застапници или полномошници, со вкупно 601 409 гласа, што претставува 95,52 % од вкупниот број обични акции со право на глас. Списокот на присутни акционери на Банката, лично или преку нивни застапници или полномошници, претставува составен дел на овој Записник. -------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------

Седницата ја отвори г. Марко Савовски, кој претседавал на претходната седница на Собранието на акционерите на Банката. Тој ги поздрави присутните и појасни дека, во согласност со Законот за трговските друштва и со Статутот на Банката, е потребно да се изберат претседавач на Собранието, Комисија за броење на гласовите и записничар нотар, по што побара од присутните да предложат кандидат за претседавач на Собранието. Од страна на акционер, за претседавач на Собранието беше предложен г. Иван Голабоски. Со оглед на тоа што немаше други предлози, се стави на гласање предлогот за претседавач со Собранието да се избере г. Иван Голабоски. Акционерите гласаа јавно, со кревање рака. За предлогот за избор на г. Иван Голабоски, акционерите , односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 591 967 гласа „ЗА“ (98,43 %), 0 гласа „ПРОТИВ“ (0 %) и 9 442 гласа „ВОЗДРЖАНИ“ (1,57 %). ---------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------

Г. Марко Савовски констатира дека за претседавач со Собранието на акционерите со потребното мнозинство гласови е избран г. Иван Голабоски и го повика да продолжи да ја води седницата.. --------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа претседавачот г. Иван Голабоски, со живеалиште на бул. “ број во Охрид, чијшто идентитет го утврдив преку увид во личната карта број издадена јануари година од МВР Охрид, ги предложи за кандидати во Комисијата за броење на гласовите г. Душан Босиљанов, полномошник на акционерот *Штаермеркише банк и Шпаркасен* АД, и г. Марко Савовски, акционер на Банката. Со оглед на тоа што немаше други предлози, се стави на гласање предлогот за членови на Комисијата за броење на гласовите да се изберат г. Душан Босиљанов, полномошник на акционерот *Штаермеркише банк и Шпаркасен* АД, и г. Марко Савовски, акционер на Банката. Акционерите гласаа јавно, со кревање рака. За предлогот за избор на г. Душан Босиљанов, полномошник на акционерот *Штаермеркише банк и Шпаркасен* АД, и на г. Марко Савовски, акционер на Банката, акционерите, односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 591 967 гласа „ЗА“ (98,43 %), 0 гласа „ПРОТИВ“ (0 %) и 9 442 гласа „ВОЗДРЖАНИ“ (1,57 %). ----------------------------------------------

Претседавачот г. Иван Голабоски констатира дека за членови на Комисијата за броење на гласовите со потребното мнозинство гласови се избрани г. Душан Босиљанов, полномошник на акционерот *Штаермеркише банк и Шпаркасен* АД, и г. Марко Савовски, акционер на Банката. ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот г. Иван Голабоски појасни дека записникот од седницата на Собранието ќе го води нотар и за записничар ја предложи Зорица Пулејкова, нотар со службено седиште во Скопје. Со оглед на тоа што немаше други предлози, претседавачот го стави на гласање предлогот за записничар на седницата на Собранието да биде избрана Зорица Пулејкова, нотар со службено седиште во Скопје. Акционерите гласаа јавно, со кревање рака. За предлогот за избор на Зорица Пулејкова, нотар со службено седиште во Скопје, акционерите, односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 591 967 гласа „ЗА" (98,43 %), 0 гласа „ПРОТИВ" (0 %) и 9 442 гласа „ВОЗДРЖАНИ" (1,57 %). ----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот г. Иван Голабоски констатира дека за записничар на седницата на Собранието со потребното мнозинство гласови е избрана Зорица Пулејкова, нотар со службено седиште во Скопје. -------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа претседавачот го покани г. Марко Савовски да им го прочита на присутните акционери, односно на нивните полномошници и застапници, Извештајот за мандатите на претставниците на акционерите на 45. седница на Собранието на Охридска банка АД Скопје изготвен од Комисијата за броење на гласовите и откако беше прочитан, отвори расправа по Извештајот. Со оглед на тоа што нникој не се јави за збор, претседавачот ја затвори расправата и го стави на гласање Извештајот. За усвојување на Извештајот за мандатите на претставниците на акционерите, односно на нивните полномошници и застапници се изјаснија со 601 409 гласа „ЗА" (100 %), 0 гласа „ПРОТИВ" (0 %), и 0 гласа „ВОЗДРЖАНИ" (0 %). -----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот г. Иван Голабоски констатира дека Извештајот за мандатите на претставниците на акционерите на 45. седница на Собранието на Охридска банка АД Скопје е усвоен едногласно, дека има кворум за Собранието да може полноважно да работи и да одлучува и ги покани присутните акционери, односно нивните полномошници и застапници кои се заинтересирани за точноста на наводите во Извештајот да извршат увид во Списокот на присутните акционери , односно на нивните полномошници и застапници, во кој се уредно потпишани.---------------------------------------------------------------------------------

Двајца акционери, односно нивните застапници и полномошници извршија увид во Списокот на присутните акционери, односно на нивните полномошници и застапници, и не дадоа забелешки. -----------------------------------------------------------------------------------------------------

Потоа претседавачот за работниот дел на Собранието предложи да се утврди следниот ----------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------

Дневен ред

------------------------------------------------------------------------------------------------

1. Утврдување на дневниот ред од работниот дел. ---------------------------
2. Усвојување на Записникот од 44. седница на Собранието на акционерите на Банката. ---------------------------------------------------------------
3. Воведно излагање на претседателот на Управниот одбор на Банката. ------------------------------------------------------------------------------
4. Годишен извештај за работењето на Охридска банка АД Скопје во 2019 година со Писмено мислење изготвено од страна на Надзорниот одбор на Банката со ------------------------------------------------------------------
   – Предлог-одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Охридска банка АД Скопје во 2019 година и Писмено мислење. ------------------------------------------------------------------
5. Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје во 2019 година, колективно и од аспект на поединечните членови, со ---------------------------------------------------------------------------
   – Предлог-одлука за одобрување на работата на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје за 2019 година, колективно и од аспект на поединечните членови,------------------------------------------------
   – Годишна оцена за соодветноста на членовите на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје за 2019 година. ------------------------
6. Извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Охридска банка АД Скопје со мислење на ревизорската куќа *Ернст и Јанг – овластени ревизори* ДОО од Скопје и Писмено мислење за него изготвено од страна на Надзорниот одбор на Банката со ----------
   – Предлог-одлука за усвојување на Извештајот на ревизорската куќа *Ернст и Јанг – овластени ревизори* ДОО од Скопје за работењето на Охридска банка АД Скопје во 2019 година и Писмено мислење.---------------------------------------------------------------------------------
7. Годишна сметка и финансиски извештаи на Охридска банка АД Скопје за 2019 година со ----------------------------------------------------------------
   – Предлог-одлука за усвојување на Годишната сметка и на финансиските извештаи на Охридска банка АД Скопје за 2019 година,
   – Предлог-одлука за усвојување на Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка на Охридска банка АД Скопје со Годишната сметка за 2019 година.--------------------------------------------
8. Предлог-одлука за утврдување на висината на надоместокот за работата во органите на Охридска банка АД Скопје за 2019 година (Надзорен одбор и Одбор за ревизија). ------------------------------------------
9. Предлог-одлука за наградување на членови на Надзорниот одбор и на Одборот за ревизија за 2020 година. ------------------------------------------
10. Предлог-одлука за измена и дополнување на Статутот на Охридска банка АД Скопје со ----------------------------------------------------
   – Пречистениот текст на Статутот на Охридска банка АД Скопје. ---
------------------------------------------------------------------------------------------------

---

Претседавачот ги покани присутните со гласање да се изјаснат за утврдување на предложениот Дневен ред. За утврдување на Дневниот ред, акционерите, односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 591 967 гласа „ЗА" (98,43 %), 0 гласа „ПРОТИВ" (0 %) и 9 442 гласа „ВОЗДРЖАНИ" (1, 57 %). ---

---

Претседавачот г. Иван Голабоски констатира дека Дневниот ред е усвоен со потребното мнозинство гласови и дека работата на Собранието ќе продолжи според утврдениот Дневен ред. ---

---

Потоа се премина на втората точка од Дневниот ред – Усвојување на Записникот од 44. седница на Собранието на акционерите на Банката. Претседавачот отвори расправа по Записникот од 44. седница на Собранието на акционерите на Банката. Со оглед на тоа што никој не се јави за збор, претседавачот ги покани присутните со гласање да се изјаснат за усвојување на Записникот. За усвојување на Записникот од 44. седница на Собранието на акционерите на Банката, акционерите, односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 592 470 гласа „ЗА" (98,51 %), 8 939 гласа „ПРОТИВ" (1,49 %) и 0 гласа „ВОЗДРЖАНИ" (0 %). ---

---

Претседавачот г. Иван Голабоски констатира дека Записникот од 44. седница на Собранието на акционерите на Банката е усвоен со потребното мнозинство гласови. ---

---

По третата точка од Дневниот ред – Воведно излагање на претседателот на Управниот одбор на Банката, претседавачот ја покани да земе збор г-ѓа Нина Неданоска, претседател на Управниот одбор на Охридска банка АД Скопје. ---

Во своето обраќање пред присутните акционери, г-ѓа Нина Неданоска наведе дека 2019 година е историска година за Охридска банка АД Скопје бидејќи Банката стана дел од групацијата *Штаермеркише Шпаркасе*, со што значително се зголемува пазарното учество на оваа групацијата на домашниот пазар. И покрај промените, принципите и работната етика остануваат темел на работата на Банката, така што и во 2019 година, четврта година по ред, магазинот *Глобал фајнанс* ја прогласи Охридска банка за *Најдобра банка*. Охридска банка АД Скопје изминатата 2019 година ја заврши со добивка од 263.300.000,00 денари како резултат на издвоените резервации поради приспособување кон групациските стандарди и политики и на повисокиот раст на исправката на вредноста на финансиските средства и намалувањето на нето-каматната маргина, додека нето-приходите од провизии и од курсни разлики бележат зголемување во споредба со претходната година. Билансот на состојбата на Банката за 2019 година изнесува 42.300.000.000,00 денари и во однос на претходната година е зголемен за 2.700.000.000,00 денари или за 7 %, што се должи на порастот на

депозитите и на средствата повлечени по основа на кредитни линии од меѓународните финансиски институции. -------------------------------------------

Во 2019 година Банката, покрај основната понуда на финансиски услуги, имала значајна партнерска улога во реализирање програми на Европската банка за обнова и развој, како што се кредитите со грант од 20 % за енергетска ефикасност кај домаќинствата и проектот за зголемување на конкурентноста на малите и на средните претпијатија во трговијата со клиенти од ЕУ. Исто така, како општествено одговорна финансиска институција, Банката во 2019 година, во рамките на проектот *Клуб на таленти* на Охридска банка, им дала поддршка на дванаесет млади уметници за учество и творење во ликовна колонија, по што со организирана изложба и аукција на нивните дела се собрани 300.000,00 денари, кои му се донирани на Факултетот за ликовни уметности во Скопје. ---------------------------------------------------------------------------------------

На почетокот на 2020 година било планирано и анализирано како да се дојде до брза транзиција и интеграција на еден нов моќен банкарски субјект – групацијата *Штаермеркише*, во Македонија во 2021 година, а паралелно е отпочната и реализацијата на редовната годишна програма на Банката во сите сфери, меѓутоа глобалната пандемија предизвикана од коронавирусот довела до многу измени во работењето на Банката, вклучително и забрзување на одредени дигитални процеси, но и одговорност во поглед на многу владини уредби насочени кон финансискиот сектор, така што денес е тешко да се зборува за очекувањата за 2020 или за 2021 година. Посветеноста и целокупната поддршка на економијата во рамките на можностите на Банката ќе остане главен принцип во работата со сите клиенти и одговорни страни.

На крајот од своето излагање г-ѓа Нина Неданоска наведе дека Банката ги анализира економските текови, свесна дека ниту еден сектор нема да остане имун во целокупната ситуација, вклучувајќи го и банкарскиот сектор, но дека Банката е подготвена за предизвиците на ова време бидејќи има една константа, а тоа е моќта на колективот кој е подготвен на посветена и тимска работа во секое време, сè со цел да се одржи стабилноста на Банката и да се остварат нови успеси.---------------------------

Претседавачот ѝ се заблагодари на г-ѓа Нина Неданоска, претседател на Управниот одбор на Охридска банка АД Скопје, за исцрпното излагање и предложи по четвртата, петтата и по шестата точка, кои се од извештајна природа и за кои материјалите им се претходно доставени на акционерите, да се води заедничка расправа, а потоа да се гласа поединечно за секоја од точките. Пред да се отпочне со расправата по овие точки, претседавачот ги извести присутните акционери и нивните застапници и полномошници дека претставникот на ревизорската куќа *Ернст и Јанг – овластени ревизори* ДОО Скопје, г. Владимир Соколовски, денес ја известил Банката дека поради интерните правила на ревизорската куќа *Ернст и Јанг – овластени ревизори* ДОО Скопје за заштита и спречување на ширењето на коронавирусот, кои налагаат забрана за учество на собири, нема да биде во можност да присуствува на денешната седница на Собранието на акционерите на Банката, така

што сите прашања поврзани со ревизорскиот извештај акционерите да ги доставаат преку Банката до ревизорската куќа за да добијат одговор во врска со нив. -------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот отвори расправа по четвртата, петтата и по шестата точка од Дневниот ред. ----------------------------------------------------------------------
Акционер постави прашање до претседателот на Управниот одбор на Банката во однос на тоа зошто Годишниот извештај за работењето на Банката во 2019 година, кој бил прифатен од страна на Надзорниот одбор на Банката на 27 февруари 2020 година, не бил разгледан и објавен на 8 мај 2020 година, кога било одржано претходното Собрание на акционерите на Банката. ----------------------------------------------------------
Претседателот на Управниот одбор на Банката одговори дека во согласност со одредбите од Законот за банките, рокот за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Банката во 2019 година е до 30 јуни 2020 година.------------------------------------------------------------------------
Акционерот реплицира дека иако рокот е до 30 јуни 2020 година, немало забрана за Банката да го објави порано, бидејќи овој Извештај бил од влијание за правата на малцинските акционери за одлуките што биле донесени, при што наведе дека за Банката важат и други закони освен Законот за банките, а особено Законот за трговските друштва. ---------------
Претставник на Банката наведе дека регулатор и орган кој врши контрола на работењето на Банката е НБ на РСМ и во согласност со одредбите од Законот за банките, Банката е обврзана во рок од 15 дена од одржувањето на секоја собраниска седница, записникот од седницата заедно со материјалите и донесените одлуки да ги достави до НБ на РСМ. Записникот од претходната седница на Собранието на акционерите на Банката заедно со материјалите и донесените одлуки е доставен до НБ на РСМ, која немала никакви забелешки во однос на него. -------------------------------------------------------------------------------------------
Акционер постави прашање во поглед на зголемената ставка на депозити на мнозинскиот акционер, за тоа колкави се тие депозити, на кој рок и со која каматна стапка. ----------------------------------------------------------
Одговор на ова прашање даде г. Мито Ѓорески, директор на секторот Финансии и контролинг, кој наведе дека овие краткорочни депозити се прават во зависност од потребите на Банката и дека тие се на краток рок од 30 дена, при што субординираните кредити од *Сосиете Женерал* се преземени од *Штаермеркише* и се во износ од 1.783.082.400,00 денари со состојба на 31 декември 2019 година, а точни податоци за овие депозити акционерот може да најде на страница 114 од ревизорскиот извештај. -------------------------------------------------------------------------------------
Акционер постави прашање до претседателот на Управниот одбор на Банката за тоа зошто на страница 25 од Извештајот прво е наведено дека нема настани во поглед на репутацискиот ризик за Банката, а потоа дека голем предизвик во однос на репутацискиот ризик било преземањето на мнозинскиот пакет од *Штаермеркише* и ако е така, зошто се дозволило преземањето.. ----------------------------------------------

Г-ѓа Нина Неданоска, претседател на Управниот одбор на Охридска банка АД Скопје, одговори дека преземањето било предизвик во смисла на тоа дека можело да предизвика репутациски ризик за Банката, но сепак не дошло до тоа бидејќи преземачот е реномирана финансиска институција од ЕУ и надлежните институции ја оцениле оваа одлука како позитивен чин.---------------------------------------------------------------------------------

Акционер постави прашање до претседателот на Управниот одбор на Банката во врска со тоа дали зголемувањето на капиталот преку приватна понуда го смета за репутацискиот ризик за Банката. -------------

Г-ѓа Нина Неданоска, претседател на Управниот одбор на Охридска банка АД Скопје, одговори дека зголемувањето на капиталот по пат на приватна понуда не претставува репутациски ризик, туку напротив, тоа е оценето како позитивен чин од сите институции затоа што се работи за странска инвестиција од 10 милиони евра, која се случува во услови на коронавирус, и затоа што инвеститорот е реномирана финансиска институција од ЕУ. ---------------------------------------------------------------------------

Акционер постави прашање во врска со тоа на кој начин да се постават прашањата поврзани со ревизорскиот извештај, со оглед на тоа што на седницата на Собранието на акционерите не е присутен претставник на ревизорската куќа. ---------------------------------------------------------------------

Претставник на Банката ги информира акционерите дека сите прашања за овластениот ревизор можат да ги упатат до ревизорот преку Банката.

Акционер побара во записникот од седницата на Собранието на акционерите да се констатира дека акционерите на самата седница биле известени дека поради интерни правила на ревизорската куќа *Ернст и Јанг – овластени ревизори* ДОО Скопје за заштита и спречување на ширењето на коронавирусот, нивниот претставник нема да биде во можност да присуствува на денешната седница на Собранието на акционерите на Банката.--------------------------------------------------------------------

Со оглед на тоа што никој друг не се јави за збор, претседавачот ја затвори расправата по овие точки, по што се премина на поединечно гласање за секоја од точките. ------------------------------------------------------------
----------------------------------------------------------------------------------------------------

По четвртата точка од Дневниот ред – Годишен извештај за работењето на Охридска банка АД Скопје во 2019 година со Писмено мислење за него изготвено од страна на Надзорниот одбор на Банката, со Предлог-одлука за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Охридска банка АД Скопје во 2019 година и Писмено мислење за него, претседавачот ја стави на гласање Предлог-одлуката. Акционерите гласаа јавно, со кревање рака. За усвојување на Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за работењето на Охридска банка АД Скопје во 2019 година и на Писменото мислење, акционерите, односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 591 967 гласа „ЗА" (98,43 %), 9 442 гласа „ПРОТИВ" (1,57 %) и 0 гласа „ВОЗДРЖАНИ" (0 %). ---------
----------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребното мнозинство гласови ја усвои Одлуката за усвојување на Годишниот извештај за

работењето на Охридска банка АД Скопје во 2019 година и на Писменото мислење. ------------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------

По петтата точка од Дневниот ред – Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје во 2019 година, колективно и од аспект на поединечните членови, со Предлог-одлука за одобрување на работата на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје во 2019 година, колективно и од аспект на поединечните членови, претседавачот ја стави на гласање Предлог-одлуката. Акционерите гласаа јавно, со кревање рака. За усвојување на Одлуката за одобрување на работата на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје во 2019 година, колективно и од аспект на поединечните членови, акционерите, односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 591 967 гласа „ЗА" (98,43 %), 9 442 гласа „ПРОТИВ" (1,57 %) и 0 гласа „ВОЗДРЖАНИ" (0 %). ----------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребното мнозинство гласови ја усвои Одлуката за одобрување на работата на Надзорниот одбор на Охридска банка АД Скопје во 2019 година, колективно и од аспект на поединечните членови. ---------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------

По шестата точка од Дневниот ред – Извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Охридска банка АД Скопје по Годишната сметка за 2019 година со мислење на ревизорската куќа *Ернст и Јанг – овластени ревизори* ДОО од Скопје и Писмено мислење за него изготвено од Надзорниот одбор на Банката со Предлог-одлука за усвојување на Извештајот на ревизорската куќа *Ернст и Јанг – овластени ревизори* ДОО од Скопје за работењето на Охридска банка АД Скопје во 2019 година и со Писмено мислење, претседавачот ја стави на гласање Предлог-одлуката. Акционерите гласаа јавно, со кревање рака. За усвојување на Одлуката за усвојување на Извештајот на ревизорската куќа *Ернст и Јанг – овластени ревизори* ДОО од Скопје за работењето на Охридска банка АД Скопје во 2019 година и на Писменото мислење, акционерите, односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 591 967 гласа „ЗА" (98,43 %), 8 939 гласа „ПРОТИВ" (1,49 %) и 503 гласа „ВОЗДРЖАНИ" (0,08 %). ----------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребното мнозинство гласови ја усвои Одлуката за усвојување на Извештајот на ревизорската куќа *Ернст и Јанг – овластени ревизори* ДОО Скопје за работењето на Охридска банка АД Скопје во 2019 година и на Писменото мислење. ------

-----------------------------------------------------------------------------------------------

Собранието продолжи да работи по седмата точка од Дневниот ред – Годишна сметка и финансиски извештаи на Охридска банка АД Скопје за 2019 година со Предлог-одлука за усвојување на Годишната сметка и на финансиските извештаи на Охридска банка АД Скопје за 2019 година и со Предлог-одлука за одобрување на Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка на Охридска банка АД Скопје со

Годишната сметка за 2019 година. Претседавачот отвори расправа по оваа точка. ------------------------------------------------------------------------------------
За збор се јави акционер, кој праша за каков вид инвестиции ќе бидат наменети средствата од задржаната добивка со оглед на тоа што во Одлуката стои само материјални и нематеријални инвестиции за проширување на дејноста.------------------------------------------------------------------
Г. Мито Ѓорески, директор на секторот Финансии и контролинг, одговори дека наведените термини се во согласност со барањата во регулативата од даночен аспект, во согласност со која со Одлуката само се определува износот што може да се користи во наредната година за развојни цели – инвестиции. Во согласност со даночната регулатива, предвидени се видовите вложувања, односно материјални средства, како недвижности и опрема, како и нематеријални средства, односно софтвер. ------------------------------------------------------------------------------------
Акционер постави прашање во однос на тоа дали Банката нема да им дели дивиденда на акционерите без да има план за тоа за што ќе ја користи добивката. --------------------------------------------------------------------------------
Г. Мито Ѓорески одговори дека Банката има детален план за сите инвестиции по износ и по видови за наредниот период коишто се земени предвид при носењето на оваа Одлука. Земено е предвид и дека средствата издвоени за оваа намена регулаторно се вклучуваат во износот на сопствените средства при пресметката на адекватноста на капиталот, со што се дава придонес во јакнење на капиталната адекватност на Банката. -----------------------------------------------------------------
Акционер постави прашање за тоа дали Банката има план за инвестирање на износот на добивката. ------------------------------------------------
Г-ѓа Нина Неданоска одговори дека Банката секако има план за инвестирање и дека конкретните документи ги нема тука, но на барање, ќе му бидат доставени на акционерот. ------------------------------------------------
Акционер постави прашање во однос на тоа дали целта на предложената Одлука е да се намали даночната основа, односно Банката да плати помалку данок. ------------------------------------------------------
Г. Мито Ѓорески одговори дека не е тоа целта на Одлуката, туку напротив, дека Банката инвестира во развој, а регулаторот е тој што предвидува даночни олеснувања поради инвестирање. ------------------------
Акционер постави прашање во врска со тоа дали со оваа Одлука Банката плаќа помалку данок и не им дава дивиденда на акционерите. ---
Г-ѓа Нина Неданоска одговори дека заклучокот дека целта на Одлуката е да се плати помалку данок е погрешен, а согласно даночната регулатива одредени инвестиции кои се насока на развој на дејноста се ослободени од данок, а во однос на исплатата на дивиденда, дека во проспектот за мнозинскиот акционер при преземањето на Банката било наведено дека нема да се исплаќа дивиденда и таа информација била јавно и транспарентно објавена. -----------------------------------------------------------------
Со оглед на тоа што никој друг не се јави за збор, претседавачот ја заклучи расправата и ја стави на гласање Предлог-одлуката за усвојување на Годишната сметка и на финансиските извештаи на

Охридска банка АД Скопје за 2019 година. Акционерите гласаа јавно, со кревање рака. За усвојување на Одлуката за усвојување на Годишната сметка и на финансиските извештаи на Охридска банка АД Скопје за 2019 година, акционерите, односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 591 967 гласа „ЗА" (98,43 %), 9 442 гласа „ПРОТИВ" (1,57 %) и 0 гласа „ВОЗДРЖАНИ" (0 %). ----------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребното мнозинство гласови ја усвои Одлуката за усвојување на Годишната сметка и на финансиските извештаи на Охридска банка АД Скопје за 2019 година. ----

Потоа претседавачот ја стави на гласање Предлог-одлуката за одобрување на Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка на Охридска банка АД Скопје со Годишната сметка за 2019 година. За усвојување на Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка на Охридска банка АД Скопје со Годишната сметка за 2019 година, акционерите, односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 591 967 гласа „ЗА" (98,43 %), 9 442 гласа „ПРОТИВ" (1,57 %) и 0 гласа „ВОЗДРЖАНИ" (0 %). ------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребното мнозинство гласови ја усвои Одлуката за одобрување на Одлуката за употреба и распоредување на остварената добивка на Охридска банка АД Скопје со Годишната сметка за 2019 година. ----------------------------------------------

По осмата точка од Дневниот ред – Предлог-одлука за утврдување на висината на надоместокот за работа во органите на Охридска банка АД Скопје за 2019 година (Надзорен одбор и Одбор за ревизија), претседавачот, откако ја прочита Предлог-одлуката, отвори расправа. ---
Со оглед на тоа што никој не се јави за збор, претседавачот ја затвори расправата и ја стави на гласање Предлог-одлуката. Акционерите гласаа јавно, со кревање рака. За усвојување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за работа во органите на Охридска банка АД Скопје за 2019 година (Надзорен одбор и Одбор за ревизија), акционерите, односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 591 967 гласа „ЗА" (98,43 %), 9 442 гласа „ПРОТИВ" (1,57 %) и 0 гласа „ВОЗДРЖАНИ" (0 %). ----------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребното мнозинство гласови ја усвои Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за работа во органите на Охридска банка АД Скопје за 2019 година (Надзорен одбор и Одбор за ревизија). ----------------------------------------------

По деветтата точка од Дневниот ред – Предлог-одлука за наградување на членови на Надзорниот одбор и на Одборот за ревизија за 2020 година, претседавачот, откако ја прочита Предлог-одлуката, отвори расправа. ------------------------------------------------------------
Со оглед на тоа што никој не се јави за збор, претседавачот ја затвори

расправата и ја стави на гласање Предлог-одлуката. Акционерите гласаа јавно, со кревање рака. За усвојување на Одлуката за наградување на членови на Надзорниот одбор и на Одборот за ревизија за 2020 година, акционерите, односно нивните полномошници и застапници се изјаснија со 591 967 гласа „ЗА“ (98,43 %), 9 442 гласа „ПРОТИВ“ (1,57 %) и 0 гласа „ВОЗДРЖАНИ“ (0 %). ---------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребното мнозинство гласови ја усвои Одлуката за наградување на членови на Надзорниот одбор и на Одборот за ревизија за 2020 година. -----------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------

По десеттата точка од Дневниот ред – Предлог-одлука за измена и дополнување на Статутот на Охридска банка АД Скопје со Пречистениот текст на Статутот на Охридска банка АД Скопје, претседавачот, откако даде појаснување за причините за носење на Предлог-одлуката, отвори расправа. --------------------------------------------------------------------------------
Со оглед на тоа што никој не се јави за збор, претседавачот ја затвори расправата и ја стави на гласање Предлог-одлуката. Акционерите гласаа јавно, со кревање рака. За усвојување на Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Охридска банка АД Скопје со Пречистениот текст на Статутот на Охридска банка АД Скопје, акционерите, односно нивните полномошници и застапници се изјаснија ссо 591 967 гласа „ЗА“ (98,43 %), 9 442 гласа „ПРОТИВ“ (1,57 %) и 0 гласа „ВОЗДРЖАНИ“ (0 %).
---------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека Собранието со потребното мнозинство гласови ја усвои Одлуката за измена и дополнување на Статутот на Охридска банка АД Скопје со Пречистениот текст на Статутот на Охридска банка АД Скопје. ------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------

Откако констатира дека се исцрпени сите точки од Дневниот ред, претседавачот им се заблагодари на присутните акционери и на нивните полномошници за присуството и за учеството во работењето на Собранието, по што ја затвори седницата во 13 (тринаесет) часот и 15 (петнаесет) минути. ----------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------

Потврдувам дека овој Записник лично го составив и лично му го прочитав на претседавачот на Собранието и дека го предупредив во врска со правните последици од ваквата правна работа. ----------------------
Учесникот изјави дека ги прифаќа правните последици што произлегуваат од оваа правна работа и дека содржината на овој Записник во целост одговара на дејствата што се случувале на седницата на Собранието. ---------------------------------------------------------------

Овој Записник е составен на тринаесет страници од тринаесет листа. На Учесникот му е издаден еден извод за претседавачот лично, како и три изводи за службена употреба. ---------------------------------------------------------------
Нотарската такса по тарифен број 27 од Законот за судски такси во износ од 500,00 денари е уредно наплатена. ---------------------------------------------------
Нотарската награда е пресметана во износ од 10.000,00 денари во согласност со член 41, точка 1 од Нотарската тарифа. ---------------------------

За Учесникот во постапката, претседавач г. Иван Голабоски, с.р.

Нотар
Зорица Пулејкова

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
ЗОРИЦА
ПУЛЕЈКОВА
СКОПЈЕ

Јас НОТАР, ЗОРИЦА ПУЛЕЈКОВА

бул. Н. Јосифовски Питу бр. 15 локал 6 Т-II Скопје [illegible]

(име, презиме и седиште - адреса)

потврдувам дека овој извод е идентичен со изворникот.

Според прв извод - потполн - делумен извадок, кон кого не се приложени [illegible] прилози [illegible] од [illegible] на нотарот [illegible].

Број: ОДУ 348/20

Во Скопје, 30-06-2020 година

(потпис и печат)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

за подрачјето на основните судови на градот

НОТАР

ЗОРИЦА ПУЛЕЈКОВА

СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
ЗОРИЦА
ПУЛЕЈКОВА
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
за подрачјето на основните судови на градот
НОТАР
ЗОРИЦА
ПУЛЕЈКОВА
СКОПЈЕ